# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**22.07.2025 год.** **Бр.IX**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр.202/2024) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/19, 7/20 и 6/25), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 64-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 21.07.2025 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 64-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 21.07.2025 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-880/1 од 22.07.2025 година Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), член 22-б од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25 и 17/25), член 73 став 5 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) , член 18 став 1 точка 8 и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево" бр1/07/,16/14, 7/19, 7/20 и 6/25), Советот на Општина Крушево на 64-та седница одржана на 21.07.2025 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на начинот на определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици за релација за која нема обезбедено линиски превоз**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува начинот на определување на висината на износот на бесплатниот превоз на учениците кои живеат во рурални населби на подрачјето на Општина Крушево, од местото на живеење/престојување до училиште и обратно за релација за која нема обезбедено линиски превоз.

**Член 2**

Право на бесплатен превоз имаат ученици кои :

- Живеат на одалеченост поголема од 2 километри од најблиското училиште,
- Немаат пристап до оргнизиран јавен или училишен превоз,
- Се редовни ученици во Подрачните училишта на ООУ Никола Карев – Крушево
- Исполнуваат и други услови согласно Закон за основно обраование.

**Член 3**

Висината на износот на бесплатниот превоз на учениците, од местото на живеење/престојување до училиштето и обратно, за релација за која нема обезбедено линиски превоз, се определува на следниот начин:

- до 5 км во еден правец максималната цена за превезен ученик изнесува до 12,5 денари за километар без пресметана ДДВ,
- од 5 км до 10 км во еден правец – максимална цена за превезен ученик изнесува до 10 денари за километар без пресметан ДДВ и
- над 10 во еден правец – максимална цена за превезен ученик изнесува до 7,5 денари за километар без пресметан ДДВ.

Доколку во возилото се превезува само еден ученик цената на превозот се множи со коефициент 1,5.

**Член 4**

Висината на износот на бесплатниот превоз за учениците со попреченост и лицата за нивна придружба, од местото на живеење/престојување до училиштето и обратно, за релација за која нема обезбедено линиски превоз, се определува на следниот начин:

- до 5 км - 160 денари максимална цена по ученик со лице за придружба без пресметан ДДВ
- од 5 км до 10 км -130 денари максимална цена по ученик со лице за придружба без пресметан ДДВ
- над 10 км – 100 ден максимална цена по ученик со лице за придружба без пресметан ДДВ

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крушево".

**Бр.08-848/5 од 21.07.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 28 од Законот за средното образование ("Сл.весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 81/05; 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16 и 64/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.229/20; 78/25 и 132/25), член 22 став 1 точка 8 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ'' бр.202/2024), член 18 став 1 точка 8 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/2019; 7/20 и 6/25), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 21.07.2025 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2025-2026 г. на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево**

1. **СЕ ДАВА** Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во прва година за учебната 2025-2026 година на СОУ „Наум Наумовски-Борче" Крушево, согласно барањето бр.35-782/2 од 03.07.2025 година и позитивното милење од Министерството за образование и наука бр.13-9837/1 од 09.07.2025 година.

- една паралелка со 9 ученици во гимназиско образование, на македонски наставен јазик;
-една паралелка со 5 ученици во стручно образование за образовна квалификација готвач од сектор угостителство и туризам на македонски наставен јазик со 3 (три) годишно траење на образованието.
- учениците во паралелката за која Министерството не даде позитно мислење потребно е да се распредлат во останатите паралелки согласно пропишаните критериуми во

Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта.

2. Согласноста влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-848/6 од 21.07.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

**Ре.бр.** **стр.**

1.Заклучок за објавување на актите донесени на 64-та седница на Советот на Општина Крушево … 1
2. План на програми за развој .......................... 1
3. Измена и дополнување на буџетот на Општина Крушево за 2025 година .................................... 1
4. Одлука за утврдување на начинот на определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици за релација за која нема обезбедено линиски превоз ....................... 1
5. Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2025-2026 година на СОУ „Наум Наумовски-Борче“ Крушево .......... 2

Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.